РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
Бр.-Nr. 23-1431/63
20-12 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за технички прегледи,испитување и анали...
ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДО...
Бр. 03-74/3
20.12. 2021 год.
СКОПЈЕ

**АНЕКС на ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА РАБОТИ**

**Број 23-1431/17 од 28.05.2021 и број 03-74 од 27.05.2021**

Склучен на _______ помеѓу ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

1. **Министерство за здравство**, со адреса на ул. 50та Дивизија бр.14, 1000 Скопје, телефон за контакт +38923112500, факс +38923113014, застапувано од Министерот Доц. Д-р Венко Филипче (во понатамошниот текст „Договорен орган") од една страна,

и

2. **Друштво за технички прегледи, испитување и анализа ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје**, со адреса булевар св. Климент Охридски бр.30-1, Скопје, ЕДБ 4080012529188, ЕМБС 6788726 застапувано од Тодор Анѓушев ( во понатамошниот текст „Носител на набавката,) од друга страна.

Договорниот орган и Носителот на набавката во натамошниот текст заедно ќе бидат именувани како: Договорни Страни.

Каде што:

- Договорните страни склучија ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА РАБОТИ број 23-1431/17 од 28.05.2021 и број 03-74 од 27.05.2021 (понатаму во текстот "Договорот").

- Договорните страни по слободна волја пристапуваат кон потпишување на овој Анекс во согласност со членовите 15 и 31 од Договорот како и сите остнати одредби од истиот

**Член 1**

Во член 2 на Договорот после последниот став се додава нов став и гласи:

По исклучок на претходниот став, договорните страни се согласни дека Носителот на набавката може да понуди еквивалентни или подобри решенија за задоволување на минималните технички барања од претходниот став, при што како минимални технички барања за плафон и ѕид ќе биде само нивната топлинската спроводливост а за останатите позиции сите измени на минималните технички барања во смисла на нивно подобрување ќе бидат во согласност и на начин дефиниран во техничката документација.

**Член 2**

Во член 3 се менува и гласи:

Изведувачот, работите наведени во член 2 од овој Договор, ќе ги изведе за вкупна вредност од **206,751,874.45** денари без ДДВ, вредноста на ДДВ изнесува вкупно **37,215,337.40** денари. Вкупната вредност на овој Договор со вклучен ДДВ изнесува **243,967,211.85** денари.

Единечните цени за изразување се дадени во понудата, која е составен дел на овој Договор и истите се фиксни и непроменливи по било кој основ.

| Ред. бр. | Замена на времените објекти од амбулантско-поликлиничка дејност на Здравствен дом Скопје, по моделот “клуч на рака” | Број на објекти | Единечна цена без ДДВ | Цена за дополнителни/непредвидени работи без ДДВ | ДДВ | Вкупен износ со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТИП А | | | | | |
| . | А.01 | 1 | 16,813,433.63 | 2,628,102.61 | 3,499,476.52 | 22,941,012.76 |
| . | А.02 | 1 | 17,098,407.08 | 2,712,705.76 | 3,566,000.31 | 23,377,113.15 |
| 2 | ТИП Б | | | | | |
| . | Б.03 | 1 | 19,188,212.39 | 3,066,240.95 | 4,005,801.60 | 26,260,254.94 |
| . | Б.04 | 1 | 18,554,938.05 | 2,712,705.76 | 3,828,175.89 | 25,095,819.69 |
| . | Б.05 | 1 | 18,586,601.77 | 2,712,705.76 | 3,833,875.36 | 25,133,182.88 |
| . | Б.06* | 1 | 18,618,265.49 | 3,168,590.58 | 3,921,634.09 | 25,708,490.16 |
| 3 | ТИП В | | | | | |
| . | В.07 | 1 | 16,591,787.61 | 2,712,705.76 | 3,474,808.81 | 22,779,302.17 |
| . | В.08* | 1 | 17,415,044.25 | 2,712,705.76 | 3,622,995.00 | 23,750,745.01 |
| . | В.09 | 1 | 16,845,097.35 | 2,712,705.76 | 3,520,404.56 | 23,078,207.67 |
| 4 | ТИП Г | | | | | |
| . | Г.10 | 1 | 19,188,212.39 | 2,712,705.76 | 3,942,165.27 | 25,843,083.41 |
| | **ВКУПНО** | | **206,751,874.45** | | **37,215,337.40** | **243,967,211.85** |

**Член 3**

Во член 4 од Договорот во ставот 1 зборот (бројот) “24” се заменува со “32”.

Во член 4 од Договорот по ставот 1 се додава нов став и гласи:

Рокот од претходниот став ќе биде сразмерно продолжен за онолку време за колку што му е потребно на Договорниот орган да ги исполни своите обврски од Договорот а кои се предуслов за исполнување на обврските на Носителот на набавката. Рокот ќе биде продолжен доколку Носителот на набавка не е во можност да ги обави своите обврски од Договорот, а таквата неможност не е по вина на Носителот на набавката. Рокот може да биде продолжен и за да ги задоволи барањата на Надзорниот орган.

**Член 4**

Член 5 од Договорот се менува и гласи:

Рокот на важност на договорот изнесува 32 месеци, согласно условите од член 4.

Рокот за изработка на Основните проекти започнува да тече веднаш по потпишувањето на анексот од страна на договорните страни. Носителот на набавка е потребно да пристапи кон проектирање на најмалку два објекти од предметот на набавка истовремено. Носителот на набавка ќе може да

користи до 3 месеци за изработка на Основните проекти. Договорниот орган ќе утврди приоритетна листа и истата ќе ја достави до носителот на набавката по пат на електронска комуникација веднаш по потпишување на договорот од страна на договорните страни. Изработката на основните проекти ќе се одвива во тесна соработка помеѓу одговорните лица утврдени за реализација на предметот на набавка од страна на Договорниот орган, при што носителот на набавката ќе испраќа до нив цртежи во електронска работна верзија од тековната изработка, на што Договорниот орган има право да дава сугестии и забелешки.

Планот за трансфер и трансферот на корисниците е обврска на Здравствен дом Скопје. Обврската за обезбедување на согласност од Дирекција за заштита и спасување за елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи е обврска на Договорниот орган.

Роковите за поставување на секој објект поединечно изнесуваат 3 месеци, при што Носителот на набавката треба да обезбеди градежните активности да се одвиваат на најмалку две локации истовремено.

Рокот за поставување на најмалку два објекти истовремено започнува да тече 3 месеци по добивање од страна на Договорниот орган на:

- Решение за поставување на модуларната градба или група модуларни градби од страна на надлежен орган;

- Писмена нотификација за завршен трансфер на корисници од страна на Здравствен дом Скопје;

- Воведување во работа од надзорниот орган и решение за приклучоци за електрична енергија и водоводна мрежа

Носителот на набавката е должен да изработи динамички план за предметот на договор во консултација и усогласување со Договорниот орган и крајниот корисник Здравствен дом Скопје во однос на трансфер на корисниците (концесионерите), а со цел одвивање на работите без пречки. Динамичкиот план треба да биде усогласен и доставен на одобрување 15 дена по склучување на Анексот. Во динамичкиот план треба да бидат опфатени сите фази и рокови предвидени со предметот на договор, вклучително и оние ставки и активности кои треба и/или е можно да се преклопуваат, прецизно да се утврдат сите активности на лице место и да се предвидат казнени поени за непочитување и непостапување согласно утврдениот и одобрен динамички план.

Стручниот надзор ќе го воведува во работа Носителот на набавка по добивање на целосна документација за секој објект поединечно, со што ќе започнуваат претходните припремни работи на терен. Доколку Надзорниот орган има завршни забелешки, Носителот на набавка треба да постапи по истите во максимален рок од 5 календарски дена. Доколку и по дополнителниот рок Изведувачот не започне со активности по забелешките, во тој случај ќе се смета дека не е исполнета обврската и Договорниот орган ќе го раскине договорот со изведувачот.

Рокот и местото на испорака се задолжителни.

**Член 5**

Во член 13 став 1 алинеја 1 се бришат зборовите “на кој е добиена согласност од Дирекцијата за заштита и спасување”

Во член 13 став 1 алинеја 5 зборовите “ 2 месеци“ се заменуваат со зборовите “ 3 месеци“

**Член 6**

Останатите одредби од горенаведениот Договор остануваат непроменети и во сила

**Член 7**

Овој Анекс е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| Договорен орган | Носител на набавка |
|---|---|
| **Министерство за здравство** | **ЕНЕРЏИ МЕИНТЕНЕНС СОЛУШНС ЕМС ДОО Скопје** |
| **Министер** | **Управител** |
| **Д-р Венко Филипче** | **Тодор Ангушев** |